INSTITUTE FOR PROTECTION OF THE MONUMENTS OF CULTURE AND MUSEUM

STRUMICA

# SAMUEL'S STATE IN THE HISTORIC, MILITARY-POLITICAL, SPIRITUAL AND CULTURAL TRADITION OF MACEDONIA

Strumica
2015

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА

# САМУИЛОВАТА ДРЖАВА ВО ИСТОРИСКАТА, ВОЕНО-ПОЛИТИЧКАТА, ДУХОВНАТА И КУЛТУРНАТА ТРАДИЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Струмица
2015

УДК 929.52(497.2)"09/10"

**Проф. д-р АЛЕКСАНДАР АТАНАСОВСКИ**
**Доц. д-р ВОЈИСЛАВ САРАКИНСКИ**
Филозофски факултет - Институт за историја, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

# КОИ БИЛЕ КОМИТОПУЛИТЕ И ОД КОГО „ОТПАДНАЛЕ"?

Во прилогот што следува, врз база на византиските извори ќе се задржиме на две прашања: 1. кои биле комитопулите и 2. од кого се отцепиле.

Во однос на првото прашање сите истражувачи се согласни дека „комитопулите" се млади кнезови– синови на „комес/комит", висок воено-административен функционер во средновековна Бугарија. Комесот бил пандан на византискиот управник на воено-административната единица „тема" и стоел на чело на слична таква единица во средновековна Бугарија, наречена „комитат".

Формирањето на организацијата на комитатите во Првото Бугарско Царство се зародила одамна. Почетокот се датира во времето на владеењето на хан Омуртаг.[1] Во почетокот на IX век управниците на завладеаните провинции биле само команданти на воени одреди, коишто ја користеле веројатно титулата таркан.[2] Хроничарот Ајнхард ги нарекува управниците, коишто во 827 година Бугарите ги поставиле на чело на новоосвоените територии во Панонија „recteurs", а не „comites" („comes").

Дури во времето на кнезот Борис организацијата на комитатите се распространува низ целата бугарска држава. Тоа се заклучува од текстот на франачкиот хроничар Хинкмар, архиепископ на Ремс, во „Anales bertiniani" за 866 година. Таму тој пишува дека, „procures quotqout igitur fuerunt intra decem comitatus" се разбунтуваа против христијанизацијата, но господарот Борис пристигнал за да го задуши бунтот.[3]

Таа фраза на Хинкмар предизвикала многубројни противречности. За нас е значајна самата интерпретација на изразот „intra decem comitatus". Васил Златарски смета дека тој бунт на паганите бил поддржан одвнатре и однадвор од болјарите на десетте комитати, од кои во тоа време се состоела Североисточна и преддунавска Бугарија. Искористениот израз наговестува дека тие болјари потекнувале „intra decem comitatus", подвлекува дека тие болјари биле сврзани со различните провинции на

[1]Андреев М., Ангелов Д., История на българската държава и право. София 1959, 100-101.
[2]Василевски Тадеуш, България и Византия IX-XV век. София 1997, 48.
[3]Hincmari Annales, M. G. S. S. I. 473, 474; Annales Bertiniani auctore Hincmare, ed. Pertz, MGH SS, p. 473, I, 42 sqq. Види и Прокић Б., Постанак једне словенске царевине у Маћедонији у X веку. Глас САН LXXVI. Београд 1908, 230 и бел. 2.

државата, а не со дворот на владетелот. Некои историчари се согласуваат со Златарски, при што ја стеснуваат територијата на бунтот, утврдувајќи дека десетте комитати го сочинувале само соседниот на Плиска реон, т.е. околу престолнината на бугарската држава. П. Мутафчиев, пак, има друга интерпретација на изразот на Хинкмар. Тој смета дека кон тој пагански бунт се присоединиле претставниците на опозицијата меѓу болјарите во сите бугарски провинции.

Интересно е мислењето на Б. Прокиќ, којшто вели дека иако потпаднала Македонија под бугарска власт, внатрешно таа останала целосно независна, под управа на своите племенски кнезови. Тоа нешто продолжило да функционира и понатаму. Прокиќ ја потврдува тезата за поделбата на бугарската држава на комитати (comitatus) и додава дека управникот на обласга се нарекувал според нејзиното име со титула „*comes*" или словенски кнез. Кога бугарската власт во времето на кнезот Борис почнала да се шири на запад, најверојатно таа организациска управа била пренесена и таму. Претходните полунезависни кнежевства во Македонија сега станале комитати на бугарската држава. Со секој комитат и понатаму управувал претходниот кнез како намесник и чиновник на бугарскиот владетел, но со право на наследство и целосна независност во внатрешната управа на својата област. Кај латинските и грчките писатели управникот на провинцијата се нарекува „*comes*" (κόμης), а на словенски најверојатно „кнез" (princeps).[4] Овие управници или „комеси / комити", како видни чиновници во централната управа, припаѓале на аристократијата, болјари или болиади (Βολιάδες). Според вестите што ни ги дава Константин Порфирогенит, дознаваме дека во X век во Бугарија постоеле три вида болјари: велики болјари, внатрешни и надворешни болјари.[5] Шесте велики болјари споменати овде најверојатно биле еден вид советници на владетелот (Συγκλητικός, Senator) со важни компетенции. Што се однесува до внатрешните и надворешните болјари, тоа најверојатно биле оние болјари коишто стоеле на чело на одделни провинции и области и коишто ја носеле титулата κόμης. Според мислењето на Дринов, внатрешните болјари биле оние коишто стоеле на високи положби во централната управа, во самата престолнина, а надворешните болјари биле управници на областите и провинциите.[6] Според Б. Прокиќ, пак внатрешните болјари управувале со областите во првобитна Бугарија, а надворешните во новоосвоените области во Македонија и на запад.[7]

Во поново време Тадеуш Василевски предлага поинаква

[4]Прокиħ Б., Постанак једне словенске царевине. 230.

[5]De ceremoniis… ed. Bonn. II, 681, 17. Πῶς ἔχουσιν οἱ ἓξ Βολιάδες οἱ μεγάλοι; πῶς ἔχουσι καὶ οἱ λοιποὶ οἱ ἔσω Βολιάδες; πῶς ἔχουσιν τὸ κοινὸν τοῦ λαοῦ.

[6]Дринов М., Южные Славяне и Византіяъ X вѣкѣ . Москва 1876, стр. 82.

[7]Прокиħ Б., Постанак једне словенске царевине, 231.



интерпретација на соопштението на Хинкмар. Подвлекувајќи го фактот дека разбунтуваните биле разделени „intra decem comitatus", архиепископот на Ремс без сомневање сака да подвлече дека станува збор за едно ново административно делење на државата, коешто се одвивало заедно со нејзината христијанизација. Таа претпоставка се поткрепува од други описи на тој прв пагански бунт во Бугарија во времето на кнез Борис.[8] Според расказот на продолжувачот на Теофан и Зонара, станува збор за едно востание коешто ја опфатило целата држава и во кое се вклучил целиот народ, а не само центарот на државата.[9] Во „Responsa Nicolai papae ad consulta Bulgarorum", во 17-от одговор наоѓаме констатација на папата дека востаниците протестираат против „лошите закони", коишто им се наложуваат во моментот на христијанизацијата. Тие закони најверојатно се однесуваат на новите принципи во организацијата на државата, неразделно сврзани со тоа време со организацијата на црквата. Како што се гледа од одговорот 17, папата Николај им соопштува на Бугарите дека едвај по задушувањето на бунтот ќе пристигнат негови легати, коишто носат „leges mundanae". Според Т. Василевски, организацијата на епископиите и комитатите останува тесно поврзана со каролиншката држава и тој модел секогаш бил следен од централните и источноевропските држави- Унгарија, Бохемија и Полска.[10]

За да ја потврди својата теза Тадеуш Василевски дава анализа на уводот кон организацијата на комитатите во Хрватска и во Унгарија.[11]

Во Првото Бугарско Царство комитати и комеси (κόμης) се споменуваат, покрај во хрониката на Хинкмар, и во хагиографското дело на Теофилакт Охридски, Житие на 15 тивериополски свештеномаченици.[12]Во истиот извор има податоци дека такви управници постоеле и во Македонија, меѓу кои се споменува името на κόμης Ταριδῆνας[13] (Тариденас, Таридин, Тарадин) во времето на кнезот Борис, еден κόμης Дистрос во времето на Симеон. Првиот, Таридин во времето на владеењето на кнезот Борис-Михаил бил на чело на комитат кој што ја опфаќал територијата на епархијата Брегалница. Тој комит Таридин се потчинувал на заповедите на неговиот господар и ги пренел во новоизградениот храм на Брегалница моштите на тројца маченици

[8]Василевски Тадеуш, България и Византия IX-XV век. 49.

[9]Theophanes Continuatus, ed. Bonn, p. 164, 1. 17-25; Zonaras, ed. L. Dindorfii, t. IV. Lipsiae, 1871, p. 5, 1. 27-32.

[10]Василевски Т., България и Византия IX-XV век,50.

[11] Исто, 50.

[12]Migne, Patrologia cursus completes. Series Graeco-Latina, vol. 126, cap. 47, col. 201 D; Извори за Българската история. Том XXX- Гръцки извори за българската история, IX. София 1994. 42-79; Житие и канон на светите петнаесет тивериополски свештеномаченици. Издание на МПЦ, уредник, игумен Методиј (Златанов), 1997, 7-72.

[13]Migne, Patrologia, 213 A; ИБИ XXX - ГИБИ IX, 69.

од Тивериопол, најдени кај словенската Струмица. На сличен начин дејствувал и комитот Дистра (или Дрстра), и за време на владеењето на Симеон тој ги однел во истиот храм моштите на уште двајца Тивериополски маченици. Тој истиот комис бил втор човек во државата веднаш по Симеон и тој ја потчинил на Бугарија пограничната територија на Егејска Македонија, и на тој начин ја фиксирал границата меѓу Византија и Бугарија што е потврдено од натписот на еден пограничен столб од 904 година, на 22 км северно од Солун (Δίστρος ὁ κόμης).[14]

Интересно е да забележиме дека во Римската Империја најрано во IV век се појавиле првите *comites provinciarum*, како што ги нарекол самиот Константин Велики, и тоа се споменува и *comes* на Македонија.[15] На нив тогаш повеќе им одговарало името *comites dioecesium*, бидејќи секој од нив под своја власт имал цела диецеза. Како прв *comes Macedoniae* се споменува Acacius во 327 година.[16] По поделбата на Римската Империја на Западна и Источна, во источниот дел подоцна го среќаваме изразот *comes* во хеленизиран облик како κόμης, и тоа во Македонија во IX и X век кога таа била освоена од Бугарите во времето на Борис и Симеон. Тогаш титулата *comes* дошла на местото на титулата ἄρχων. Најверојатно тогаш словенските кнезови или архонти во Македонија, како на пример, ἄρχων τῶν Σκλαυινίων Βερζιτίας ги добиле, веројатно од бугарските освојувачи титулите κόμης наместо дотогашните византиски титули ἄρχων.[17]

Кнезот Борис-Михаил создал во југозападните предели на својата држава друг комитат, наречен Кутмичевица. На чело на тој комитат го поставил комитот Добета, којшто требало да ја осигура заштитата на еден словенски просветител – Климент. Границите на комитатот Кутмичевица веројатно требало, барем во почетокот, т.е. на границата меѓу IX и X век да ја покриваат истата територија која што ја опфаќала и црковната епархија Охрид. Треба да се одбележи дека Добета бил населен (живеел) во Девол, а не во Охрид, и токму таму бил центарот на просветителската дејност на св. Климент.[18]

Да спомeнеме дека во тоа време Македонија и Албанија биле дел од бугарската државна територија. Нивната внатрешна положба во втората половина на IX и во почетокот на X век е многу важна за да можеме да го разбереме карактерот на новата организација на комитатите, создадени од кнез Борис-Михаил и развиени подоцна од неговите наследници. Во тоа време комитатите биле големи административни центри, коишто ја

[14]Успенски Ф. И., Пограничный столб между Византией и Болгарией при Симеоне. - Известия Русского Археологического инистирута в Константинополе, 3, 1898, 184-194; Иванов Й., Български старини из Македония. Фототипно издание. София, 1970, 16-20.
[15]Cod. Theod. XI 3, 2.
[16]Pauly, Realencyklopädie der classischen Wissenschaften. Neue Bearbeitung. IV, 658.
[17]Прокић Б., Постанак једне словенске царевине. 233.
[18]Василевски Т., България и Византия IX-XV век, 52.



покривале приближно целата територија на новите бугарски епархии. Врз споменатите епархии откриваме три диоцези, на Брегалница, Струмица и Охрид-Девол, како и три комитати, чиишто управници имаат титула комит и се занимаваат и со чисто црковни работи, како на пример пренесувањето на реликвии или организација на училишта за идни свештеници и монаси. Тоа преплетување на црковната и политичко-административната организација е многу распространето на Балканот, така што поголем дел од создадените по IX век епархии ги носат имињата на малите племенски кнежевства, наречени во Византија архонтии. Тоа означува дека црковната организација се наложува над политичката структура не само во бугарската држава.[19]

Тоа нешто го користи Тадеуш Василевски за да го фиксира бројот на бугарските комитати создадени од кнез Борис-Михаил, којшто го зема за почетна точка бројот на создадените епархии во време на неговото владеење. За жал, последниот број може да се уточни само приближно. Во 879 година на општиот синод на Фотиј учествувале пет епископи од Бугарија (ако тука рамноправно се вклучи и Агатон од Моравија). Но, напразно би ги барале меѓу присутните на синодот и епископите на Дрстар, Плиска, Сердика, Червен и Белград. Веројатно е дека некои од тие епархии уште не биле формирани во 879 година.[20] Тие постојат со сигурност кон крајот на IX век.

Така, Василевски добил еден број што дава претстава за бројот на епархиите, којшто многу се доближува до бројот на комитатите, споменати од Хинкмар, иако некои од тие епархии сè уште се само во проект. Може да се претпостави дека Борис-Михаил создал повеќе од 10 комитати, при што планирал да организира сопствена епархија за секој од нив. Откако овој проект бил реализиран, можно е уште во првата половина на X век да се започнало со формирање на нови епархии истовремено со формирањето на нови комитати.

Воведувањето на административната структура на комитатите во Бугарија имало за цел засилување на централната власт на кнезот и уништувањето на старите племенски организации од типот на кнежевството на Северите, а таков бил случајот и со племенските кнежевства на територијата на Македонија. Токму на чело на еден таков комитат во Македонија стоел комитот Никола, таткото на Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, кои поради титулата на својот татко биле наречени „комитопули" или млади комити. Од изворите не ни е познато слично именување на наследниците на другите комити, освен на Никола. Исто така, со сигурност не ни е познато на чело на кој комитат стоел Никола, но ако се земе предвид центарот на активностите на неговите синови

[19]Исто, 52.
[20]Златарски В. Н., История. . ., т. 1/2, 206-214.

може да претпоставиме дека тоа бил Деволскиот комитат.

Името комитопули првпат е употребено за браќата Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, како синови на еден од моќните комити или месни кнезови во западната веќе воено освоена половина на бугарската држава.[21]

Што се однесува до прашањето кога се појавиле комитопулите на историската сцена – изворите, иако се скудни, се сосема прецизни. Јован Скилица вели дека тоа се случило по обновувањето на мирот меѓу Византија и Бугарија, а по смртта на бугарскиот цар Петар (30. I. 969 година). Тој мир бил обновен во 968 година. За да се добие јасна претстава за настаните, ќе тргнеме по ред.

Познато е дека по византиско-бугарскиот мировен договор од 927 година[22] поголем дел од Македонија (на 22 км. северно од Солун) влегол во составот на бугарската држава и во согласност со одредбите од договорот тој дел во изворите се именува како „Бугарија", или „бугарска земја", како впрочем и сите други делови од Балканот што се наоѓале во составот на бугарската држава. Тоа нешто било во согласност со тогашните државно-правни традиции: Византија ја признала државата Бугарија, и сите територии што влегувале во нејзиниот состав ги именува како бугарски, а жителите (поданиците) како Бугари.

Мирните односи меѓу Византија и Бугарија биле прекинати во средината на 60-те години на X век кога бугарскиот цар Петар се сетил да го побара данокот од Византија предвиден со договорот од 927 година.[23] Никифор II не само што го одбил барањето, туку наредил бугарските пратеници да бидат натепани и да бидат протерани со навреди од Цариград. Така во 965-966 година започнала војна меѓу двете држави.[24] Овој настан некои историчари го датираат во 963 година,[25] што не е во согласност со настаните. Никифор Фока откажал да го плаќа данокот во 965 година и тогаш е нарушен мирот. Бидејќи Византија била зафатена на Исток, за решавање на бугарскиот проблем го ангажирала киевскиот кнез Свјатослав (946-972). Во 968 година кнезот Свјатослав со шеесетилјадна војска[26] ја минал реката Дунав и, како што соопштува Лав Ѓакон „од сите страни почнал да ги убива Мизијците (Бугарите)".[27] Притоа

[21]Златарски В. Н., История..., т. 1/2, 590.

[22]За договорот и женидбата на цар Петар со византиската принцеза Марија Лакапин види: Georgius Cedrenus – Ioannis Scylitzae (Γεωργίου τοῦ Κεδρηνοῦ Σύνοψις ἱστοριῶν) II, изд. Bekker, Bonnae 1838-1839, II, 309; Златарски В. Н., История..., 1/ 2, 518; 524-532.

[23]Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България VII–XIV век. София 1999, 295.

[24]За војната спореди: Златарски В. Н., История. ., 570-588.

[25]А. Лероа-Молинген, Синовите на Петар бугарски и комитопулите, Зборник Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самуиловата држава, ИНИ, Скопје, 1971, 60.

[26]Златарски В. Н., История.., 577-578; Карушковскиј П. О., О хронологии русско-византийской войне при Святославе, Виз. Временик 5 (1952) 136: Острогорски Г., Историја Византије. 278; Сахаров А. Н., Дипломатия Свјатослава. Москва 1982, 136-137; Котляр М. Ф., Історія України в особах – давноруска держава. Київ 1996. 58; Панов Б., Македонија низ историјата. Скопје 1999, 75.

[27]Leonis Diaconus. Historiae, VI, 10, ed. B. G. Niebuhr, Bonnae 1828, 103; Божилов И., Гюзелев В., История



Свјатослав освоил повеќе бугарски градови (според некои податоци 80).[28] Хронологијата на овие настани сосема прецизно ни ја дава Кедрин-Скилица: „Четвртата година од неговото (Никифоровото) владеење во месец јуни на десети индикт",[29] што значи јуни 967 година.

По овој руски успех Византија увидела дека Русите би биле поголема опасност за неа отколку Бугарите и затоа ги наговорила Печенезите да го нападнат Киев. Поради тоа Свјатослав се повлекол од Бугарија и заминал да го брани Киев.[30] Никифор ја сменил политиката кон Бугарија и како резултат на таа промена дошло до склучување на Византиско-бугарски договор за мир во 968 година.[31] За овие настани, освен Скилица податоци ни дава и Лиутпранд, којшто во 968 година престојувал во Цариград и таму се сретнал со еден бугарски пратеник, којшто „бил истрижан по варварски како некој Унгарец, носел железен синџир и бил некрстен".[32] Како гаранција за мирот, а бидејќи во меѓувреме умрела жена му Марија, којашто дотогаш била гарант на мирните односи, царот Петар ги дал своите два сина Борис и Роман за заложници во Цариград. Набргу потоа Петар умрел (30 јануари 969 год.).[33] Во врска со овие настани е и исказот на Јован Скилица, кој вели: „А Петар, царот на Бугарите, наскоро по смртта на својата жена, за да го обнови мирот, склучи сојуз со царевите и ги даде како заложници сопствените два сина Борис и Роман. Малку потоа умре"[34] (Πέτρος δὲ ὁ τῶν Βουλγάρων βασιλεὺς τὴν εἰρήνην τάχα ἀνανεούμενος ἀποθανούσης τῆς αὐτοῦ γυναικός, σπονδὰς πρὸς τοὺς βασιλεῖς ἔθετο, ὁμήρους δοὺς καὶ τοὺς οἰκείους δύο υἱοὺς [2.347] Βορίσην καὶ Ῥωμανόν· καὶ μετὰ μικρὸν ἀπεβίω).

Сега бугарската држава останала без цар, Петровите синови биле далеку од својата татковина. Таквата состојба ја искористиле комитопулите: Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, синови на комитот Никола и организирале востание (побуна, апостасија) и ја „вознемирувaa државата на Бугарите".[35] Во врска со тоа Скилица вели: „Неговите (Петровите)

на средновековна България VII–XIV век, 296.

[28]Повесть временніх лет. Ч. I. Текст и превод. Подготовка текста Д. С. Лихачева. Превод Д. С. Лихачева и Б. А. Романова. Москва-Ленинград 1950, 47; Златарски В. Н., История, 580-581; Божилов И. - Гюзелев В., История на средновековна България VII-XIV век. София 1999, 296; Котляр М. Ф., Історія України, 58; Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България VII–XIV век, 296.

[29]Cedrenus, II, 372, 13-10.

[30]Оболенски Д., Византијски комонвелт, Београд 1991, 157.

[31]Златарски В. Н., История. ., 586.

32 Liutprandi Legatio, 19.

[33]Гръцки извори за българската история. VI, София 1965, 246-249: Златарски В. Н., История. ., 589 и 590; Антолјак С., Средновековна Македонија, I, 313 бел. 64; Божилов И. - Гюзелев В., История на средновековна България, 297; Пириватрић С., Два хронолошка прилога о крају Првог бугарског царства. ЗРВИ, 34 (1995), 55-62.

[34]Ioannis Scylitzae Synopsis historiarum. Editio Princeps Recensuit Ioannes Thurn. Apud Walter de Gruyter et Socios Berolini et Novi Eboraci MCMLXXIII, 255, 73-76; Cedrenus, II, 346; Документи, 1, 87; Антолјак С., Вистината за востанието на комитопулите, Средновековна Македонија, Скопје 1985, 606.

[35]Византиски извори, III, 57; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава. Том I, Скопје 1981, 87-88; Антолјак С., Средновековна Македонија, I, 310 и бел. 50.

синови беа испратени во Бугарија за да го зачуваат татковото царство и да ги спречат комитопулите понатаму да напредуваат. Имено, Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, синови на еден од оние комити кои во Бугарија можеа многу да сторат, замислуваа отцепништво (направија апостасија, се одделија, отпаднаа) и ја вознемируваа државата на Бугарите (и ги разбунија Бугарите). Така се случи тоа".[36] (οἱ δὲ υἱοὶ αὐτοῦ ἐν Βουλγαρίᾳ ἐπέμφθησαν μετὰ ταῦτα ἐφ› ᾧ τῆς πατρῴας ἀντισχέσθαι βασιλείας, καὶ τοὺς κομητοπούλους ἀπείρξουσι τῆς πρόσω φορᾶς. Δαβὶδ γὰρ καὶ Μωϋσῆς καὶ Ἀαρὼν καὶ Σαμουήλ, ἑνὸς ὄντες παῖδες τῶν μέγα δυνηθέντων ἐν Βουλγαρίᾳ κομήτων, πρὸς ἀποστασίαν ἀπεῖδον καὶ τὰ Βουλγάρων ἀνέσειον. καὶ ταῦτα μὲν συνηνέχθη ὧδε). Значи, војната на Бугарите против Византија и Киевска Русија, што се водела во подунавските бугарски предели, била причина да ослабнат бугарските позиции во Македонија[37] и да се создадат поволни услови за реализација на идеата на комитопулите за отцепување од бугарската држава. Тоа отцепување било изведено во југозападна Македонија од каде што се проширило и во другите македонски области.

Во прилог на тоа се и податоците што ни ги дава Јован Геометар во неговата песна „За комитопулот" во којашто појавата на комитопулот ја датира „при заодот (смртта) на Никифор",[38] што значи во 969 година. Слично вели и Јован Зонара: „Петар, еден од предводниците на Бугарите, откако умре жена му, за да го обнови договорот со Ромеите, ги даде своите два сина Борис и Роман како заложници и умре. На неговите деца пак им беше дозволено да одат и да ја земат татковата власт, зашто четворицата синови на еден од комитите во Бугарија: Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, одметнувајќи се ги разбунтуваа Бугарите".[39]

Кога во Цариград дознале дека комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, отворено се подготвувале за побуна и отцепништво и веќе постигнале извесен успех, веднаш ги испратиле Борис и Роман за да го зачуваат татковото царство и да ги спречат комитопулите во нивното натамошно напредување,[40] како што наведува Скилица. Тоа значи дека византиските штитеници Борис и Роман, требало со поддршка од византискиот двор да ја зачуваат единствената бугарска држава, против која станале (од која се одделиле) комитопулите или се обиделе да се отцепат од неа. Комитопулите имале успех и по отстранувањето на бугарската власт уште во 969 година на ослободената територија била

[36]Scylitzae, Synopsis historiarum, 225-226, 76-81; Cedrenus, II, 346-347; Документи, 1, 97-88; Антолјак С., Вистината, 606.
[37]Златарски В. Н., История, 590 и бел. 2; 633; Антолјак С., Средновековна Македонија, I, 609; Панов Б., Македонија низ историјата, 75.
[38]Документи, 1, 88; Спореди: А. Лероа-Молинген, Синовите на бугарскиот цар Петар и комитопулите, 63.
[39]Joannis Zonarae Opera Omnia - PG. Ed. J. P. Migne. T. 135. Paris 1864, p. 113, 115; Документи, 1, 89.
[40]Scylitzae, Synopsis historiarum, 255-256, 76-81; Византиски извори, III, 56-57; Документи.., I, 87; Златарски В. Н., История, 593; Антолјак С., Средновековна Македонија, I, 609.



создадена нова држава на Балканот позната како Самуилова, по основачот на царска династија,[41] којашто бугарските историчари ја нарекуваат Западно Бугарско Царство.

Да се вратиме уште еднаш на изворите, Скилица и Зонара за отпаѓањето на комитопулите. Тие податоци се преведени и во Грчките извори за бугарската историја, а еве и овде даваме паралелен превод за полесно споредување на податоците.

Πέτρος δὲ ὁ τῶν Βουλγάρων βασιλεὺς τὴν εἰρήνην τάχα ἀνανεούμενος ἀποθανούσης τῆς αὐτοῦ γυναικός, σπονδὰς πρὸς τοὺς βασιλεῖς ἔθετο, ὁμήρους δοὺς καὶ τοὺς οἰκείους δύο υἱοὺς Βορίσην καὶ Ῥωμανόν· καὶ μετὰ μικρὸν ἀπεβίω.[42]

οἱ δὲ υἱοὶ αὐτοῦ ἐν Βουλγαρίᾳ ἐπέμφθησαν μετὰ ταῦτα ἐφ› ᾧ τῆς πατρῴας ἀντισ-χέσθαι βασιλείας, καὶ τοὺς κομητοπούλους ἀπείρξουσι τῆς πρόσω φορᾶς. Δαβὶδ γὰρ καὶ Μωϋσῆς καὶ Ἀαρὼν καὶ Σαμουήλ, ἑνὸς ὄντες παῖδες τῶν μέγα δυνηθέντων ἐν Βουλγαρίᾳ κομήτων, πρὸς ἀποστασίαν ἀπεῖδον καὶ τὰ Βουλγάρων ἀνέσειον. καὶ ταῦτα μὲν συνηνέχθη ὧδε. Πέτρος δὲ ὁ τῶν Βουλγάρων βασιλεὺς τὴν εἰρήνην τάχα ἀνανεούμενος ἀποθανούσης τῆς αὐτοῦ γυναικός, σπονδὰς πρὸς τοὺς βασιλεῖς ἔθετο, ὁμήρους δοὺς καὶ τοὺς οἰκείους δύο υἱοὺς Βορίσην καὶ Ῥωμανόν· καὶ μετὰ μικρὸν ἀπεβίω .

οἱ δὲ υἱοὶ αὐτοῦ ἐν Βουλγαρίᾳ ἐπέμφθησαν μετὰ ταῦτα ἐφ› ᾧ τῆς πατρῴας ἀντισ-χέσθαι βασιλείας, καὶ τοὺς κομητοπούλους ἀπείρξουσι τῆς πρόσω φορᾶς. Δαβὶδ γὰρ καὶ Μωϋσῆς καὶ Ἀαρὼν καὶ Σαμουήλ, ἑνὸς ὄντες παῖδες τῶν μέγα δυνηθέντων ἐν Βουλγαρίᾳ κομήτων, πρὸς ἀποστασίαν ἀπεῖδον καὶ τὰ Βουλγάρων ἀνέσειον. καὶ ταῦτα μὲν συνηνέχθη ὧδε.[43]

Πέτρος δὲ ὁ τῶν Βουλγάρων βασιλεὺς τὴν εἰρήνην τάχα ἀνανεούμενος ἀποθανούσης τῆς αὐτοῦ γυναικός, σπονδὰς πρὸς τοὺς βασιλεῖς ἔθετο, ὁμήρους δοὺς καὶ τοὺς οἰκείους δύο υἱοὺς Βορίσην καὶ Ῥωμανόν· καὶ μετὰ μικρὸν ἀπεβίω.[44]

οἱ δὲ υἱοὶ αὐτοῦ ἐν Βουλγαρίᾳ ἐπέμ-φθησαν μετὰ ταῦτα ἐφ› ᾧ τῆς πατρῴας ἀντισχέσθαι βασιλείας, καὶ τοὺς κομητοπούλους ἀπείρξουσι τῆς πρόσω φορᾶς. Δαβὶδ γὰρ καὶ Μωϋσῆς καὶ Ἀαρὼν καὶ Σαμουήλ, ἑνὸς ὄντες παῖδες τῶν μέγα δυνηθέντων ἐν Βουλγαρίᾳ κομήτων, πρὸς ἀποστασίαν ἀπεῖδον καὶ τὰ Βουλγάρων ἀνέσειον. καὶ ταῦτα μὲν συνηνέχθη ὧδε.[45]

(Петар, царот на Бугарите, го обновил мирот кусо време откако му починала жената; тој склучил договор со царевите, давајќи ги како заложници и своите два сина, Борис и Роман. Не многу потоа, Петар починал.

По ова, неговите синови биле пратени во Бугарија за да го преземат

[41]Антолјак С., Средновековна Македонија, I, 314.
[42]Cedrenus, II, 347
[43]Cedrenus, II, 347
[44]Cedrenus, II, 347
[45] Cedrenus, II, 347

татковото владение, но и за да го запрат напредувањето на комитопулите. Имено, Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, деца (синови) на еден од моќните комити во Бугарија, намериле да се одметнат и ги мателе бугарските работи. Така се случиле овие нешта.

Петар, царот на Бугарите, го обновил мирот кусо време откако му починала жената; тој склучил договор со царевите, давајќи ги како заложници и своите два сина, Борис и Роман. Не многу потоа, Петар починал.

По ова, неговите синови биле пратени во Бугарија за да го преземат татковото владение, но и за да го запрат напредувањето на комитопулите. Имено, Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, деца (синови) на еден од моќните комити во Бугарија, намериле да се одметнат и ги мателе бугарските работи. Така се случиле овие нешта.)

Истиот овој пасус го среќаваме и во латинскиот превод на Габиус и нешто слично кај Миње, со таа разлика што последната реченица кај Габиус е преведена „така тоа се случи", а кај Миње „И таа работа тогаш стана така". Значи, грчкиот текст на Кедрин и латинските преводи на Габиус и Миње го потврдуваат фактот дека во 969 година (по смртта на Петар) во Бугарија дошло до немири, предизвикани од браќата комитопули и дека поради тоа било нужно наследниците на престолот, односно синовите на Петар веднаш да се вратат во Бугарија за да τὴν πατρῴαν ἀρχὴν κατακτήσασθαι, т.е. "et comites ultra progredi prohiberent" (Габиус), односно "et cometopulorum impetum reprimant" (Миње).

Годината на отпаѓањето на комитопулите е времето на смртта на Петар, 969-та. Тогаш, според изворите комитопулите "pertubabant res Bulgarorum" („ја разбунтувале бугарската држава") "et haec ita accidere" („и ова така се случи") – Габиус, односно "ataque ita tunc res acta" („така тогаш работата се сврши") – кај Миње, односно „καὶ ταῦτα μὲν συνηνέχθη ὧδε" – кај Кедрен, како потврда на тврдењето дека тоа навистина тогаш и така се случило. Оваа последното недвосмислено ја потврдува тезата за постоење на акција за отпаѓање од бугарската држава, иницирана и раководена од комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил во 969 година. Во науката се правени и се прават обиди да се обезвреднат овие клучни податоци во известувањето на Скилица-Кедрен и да се негира движењето за апостасија од бугарската држава во 969 година, а да се земе за точно и единствено известувањето на Кедрен за апостасијата на Бугарите по смртта на византискиот император Јован Цимиски во 976 година. Тука предвид го имаме гледиштето на бугарските историчари Ѓузелев и Божилов.[46] Таквото гледиште е неосновано и во спротивност на изворите. Тоа известување е следното: Τῶν δὲ Βουλγάρων <u>ἅμα τῇ τελευτῇ</u> τοῦ βασιλέως Ἰωάννου ἀποστατησάντων, ἄρχειν αὐτῶν

[46]Божилов И. - Гюзелев В., История на средновековна България, 312-313.



προχειρίζονται τέσσαρες ἀδελφοί, Δαβὶδ Μωϋσῆς Ἀαρὼν καὶ Σαμουήλ, ἑνὸς τῶν παρὰ Βουλγάροις μέγα δυνηθέντων κόμητος ὄντες παῖδες καὶ διὰ τοῦτο κομητόπουλοι κατονομαζόμενοι.[47] Веднаш по смртта на царот Јован, Бугарите се одметнале, а за предводници се нафатиле (избрале) четворица браќа – Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, деца на еден од моќните комити кај Бугарите, кои затоа биле наречени комитопули. Очигледна е разликата меѓу податоците и јасно се гледа дека станува збор за два различни настани. Грчката показна заменка ὧδε, што стои во текстот на Кедрин и латинскиот демонстратив haec се однесуваат на нешто што е последно спомнато во текстот, а овде последно се споменува токму тоа дека комитопулите ја потресувале бугарската држава. Употребата на аористната форма συνηνέχθη и перфектната *accidere* и *acta sunt* укажуваат на тоа дека дејството е определено и извршено точно така. Токму овие последни зборови од пасусот потврдуваат дека непосредно по смртта на Петар (969) комитопулите дејствувале против бугарската централна власт, дека имале определени успеси во таа смисла, зашто, синовите на Петар – Борис и Роман биле испратени од Цариград, каде што се наоѓале како заложници, да го спречат нивното натамошно напредување.[48]

Иако византискиот штитеник Борис седнал на бугарскиот престол како цар Борис II (969-971) тој не успеал да ги спречи комитопулите во нивното напредување. Во полза на комитопулите било второто навлегување на Свјатослав[49] во Бугарија (во летото во 969 година). Бугарскиот владетел поради зафатеноста со Русите бил оневозможен да се пресмета со комитопулите и да ја ликвидира новосоздадената држава.

Повторното руско навлегување во Бугарија (крајот на јули или почетокот на август во 969 година)[50] се разликувало од првото, во првиот случај тој навлегол по покана на Византија, а сега самоиницијативно. Овој пат Свјатослав бил привлечен од „Перејеславец" (Мал Преслав) на Дунав, кој го сметал за „средина" на својата земја.[51] Свјатослав се носел со идејата да формира своја држава во Бугарија. Во оваа втора Руско-бугарска војна Византија застанала на страната на Бугарија. Причина за тоа биле успесите на Свјатослав, кој од Византија побарал да се повлече од Балканот и истиот да му го предаде нему.[52]

[47]Cedrenus. II. 435.
[48]За јазичните анализи на текстовите спореди: Басотова Љ., Летописот на Поп Дукљанин како извор за средновековната историја на Македонија, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том V, Прилеп 1988, 172-173.
[49]Антолјак С., Средновековна Македонија. I. 314.
[50]Златарски В. Н., История, 594.
[51]Исто. 594; За градот види: Oikonomides N., Presthlavitza, the Little Preslav, Südost Forsuchungen. 42 (1983), 1-9; Котляр М. Ф., Історія України. 58; Божилов И. - Гюзелев В., История на средновековна България, 298.
[52]Leo Diaconus. Historiae. VI. 10. ed. B. G. Niebuhr (Бон . 1828). 105; Острогорски Г., Историја Византије, 281; Антолјак С., Средновековна Македонија. I. 329.

Во ова второ навлегување Свјатослав имал големи успеси, го заробил дури и бугарскиот цар Борис II.[53] Ова посебно им одело во прилог на комитопулите и на нивната држава во Македонија. Комитопулите останале слободни и непокорени на својата територија, доста оддалечени од воените операции на Русите. На нивна територија бегале жителите од загрозените делови на Бугарското Царство и со тоа ја јакнеле воената сила на комитопулите.[54]

Додека комитопулите непречено и внимателно само го следеле руското навлегување на Балканот, со тоа не можел да се помири византискиот император Јован Цимиски. Дошло до решавачка војна меѓу Византија и Свјатослав, која започнала во пролетта во 971 година.[55] Јован Цимиски имал успех и го „ослободил" Борис II од руско заробеништво, но по протерувањето на Русите од Бугарија не го оставил Борис II на престолот, туку го одвел во Цариград каде што му ги симнал царските знаци и круната, којашто ја однел во црквата „Св. Софија" и ја подарил на Бога за успехот во војната.[56] Бугарија, поточно североисточните делови на Петрова Бугарија, била претворена во обична византиска провинција и вклучена во тематскиот систем на Византија.

Увидувајќи ја византиската моќ, комитопулите по сè изгледа ја признале врховната византиска власт.[57] Формално тие биле потчинети на централната византиска администрација, а пред сè на василевсот.[58] Во прилог на комитопулите бил фактот што тие не војувале против Византија и не се отцепиле од неа, туку против Бугарија. Иако ја признале врховната византиска власт тие задржале широка автономија на управување, за што сведочи фактот дека на територијата со која владееле немало формирано византиска тема и воведено византиска управа. Станува збор за областите западно од градот Сердика, најголемиот дел на територијата на Македонија, од Скопска Црна Гора на север каде што била границата со византиската управа во Рашка, на југоисток до средниот тек на реката Струма и темата Стримон-Крушево,[59] на југ до малите теми Драгувитија,[60] Бер и Едеса, темата Хелада со центар Лариса и на запад областите до

[53]Грьцки извори, VI, 260; Златарски В. Н., История, 598; Острогорски Г., Историја Византије, 281; Божилов И. - Гюзелев В., История на средновековна България, 298.
[54]С. Антолјак, Средновековна Македонија, I, 328; Сп. Атанасовски А., Влијанието на Русија за создавање на Самуиловата држава.
[55]Божилов И. - Гюзелев В., История на средновековна България, 299.
[56]Scylitzae, Synopsis historiarum, 310; Грьцки извори, VI, 274; Златарски В. Н., История, 628; Острогорски Г., Историја Византије, 281; Оболенски Д., Византијски комонвелт, 159; Антолјак С., Средновековна Македонија, I, 332; Божилов И. - Гюзелев В., История на средновековна България, 300 и 311; Панов Б., Македонија низ историјата, 76.
[57]Според Прокиќ комитопулите ја признале врховната византиска власт после 973 година, по смртта на германскиот император.
[58]Антолјак С., Средновековна Македонија, I, 334; Божилов И. - Гюзелев В., История на средновековна България, 311 и 314.
[59]Божилов И. - Гюзелев В., История на средновековна България, 310.
[60]Исто, 310.



темите Драч, Јерихо и Никопол. Византиска управа немало во градовите Костур, Сервија, Битола, Охрид, Белград (Берат), Дебар, Прилеп, Скопје, Велес Штип, Струмица и Сердика.[61]

Во 976 година, Бугарите од потчинетиот источен дел на некогашната држава се одметнале (направиле апостасија) и за свои водачи ги избрале четворицата браќа Давид, Мојсеј Арон и Самуил.[62] Терминот „апостасија" Скилица го употребува исто во три случаи: за комитопулите во 969 година, за „Бугарите" во 976 и за Варда Склир исто во 976 година.[63] Кога се знае дека Бугарите и Варда Склир се одметнале од Византија, тогаш нема причини да не го прифатиме податокот дека комитопулите се одметнале од Бугарија, бидејќи до 969 година нивниот комитат бил во составот на бугарската држава. Со самото тоа отпаѓа теоријата дека нивната држава била продолжение на Првото Бугарско Царство, а Самуил наследник на бугарската царска круна, за којашто видовме дека во 971 година била однесена во Цариград. Дотолку повеќе, во 976 година, кога Бугарите се отцепиле од Византија, во отсуство на претставници од нивната владетелска лоза, тие (Бугарите) сами ги избрале за свои водачи комитопулите. Тоа значи дека Бугарите доброволно поминале под власта на комитопулите и тие така станале нивни владетели.

[61]Бошкоски М., Великаните на македонскиот среден век. Скопје 2007, 49.
[62]Види белешка 45 и текстот погоре.
[63]Scylitzae, Synopsis historiarum, 328-329.

**Aleksandar Atanasovski, Prof. PhD**
**Vojislav Sarakinski, Associate Professor, PhD**
**Philosophical Faculty – Istitute of History, University of Sts "Cyril and Methodius", Skopje**

## WHO WERE THE COMETOPULI AND WHO THEY "APOSTATIZED FROM"?

**Summary**

About the cometopuli and the foundation of their state a lot has been written, and various opinions have been exposed about their appearance and the chronology of their "movement" for division from the central authorities. The various views are derived from the various interpretations of original information that speak about these events. From the available sources it can be seen that a cometopuli was a son of a "comes" – a military-administrative ruler of certain area in the Middle Ages. In Macedonia they are present from the time of Constantine the Great. Later the same title slightly changed in form is present in the First Bulgarian Kingdom when the greater part of Macedonia enters into this Kingdom.

Regarding the time when they split, that is when they apostatized, there is also no single view, so two points of view have been crystallized: 1. That the cometopuli appeared in 969 and split (apostatized) from the Bulgarian state and 2. That they appeared in 976 and divided (apostatized) from the Byzantine Empire.



УДК 930.85(=16)"0976/1018"

**Проф. д-р ИЛИЈА ВЕЛЕВ**
Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

## УЛОГАТА НА САМУИЛОВОТО ВЛАДЕТЕЛСТВО ПРИ ВТЕМЕЛУВАЊЕТО И АФИРМАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКАТА СЛОВЕНСКА ЦИВИЛИЗАЦИЈА И КУЛТУРА

Во историографијата секогаш треба да се има предвид феноменот дека назад низ вековите на македонскиот простор се премостувале повеќе основоположени цивилизации и култури, а секоја самата од себе оставала своевиден супстрат како непресушен извор од кој современата македонска традиција го црпи сопствениот културноисториски и национален идентитет. Во Македонија овој процес на цивилизациски прелевања имал свој историски континуитет од антиката, преку римолатинското и византиско-христијанското глобално општество, па сè до втемелувањето и афирмацијата на словенската цивилизациска свест за духовен и културен колективитет. Процесот на цивилизациско прелевање на просторот на Македонија и пошироко во Југоисточна Европа почнал да се заокружува од периодот на т.н. голема преселба на народите (или словенската колонизација), која се реализирала од 80-тите години на VI и низ целиот VII век. Настанатата духовна и културна симбиоза на домородното македонско население со доселените словенски племиња настапила под силното влијание на византиската глобализација, при што во актуелниот социолошко-културолошки амбиент станале мобилни два важни фактори: словенизирањето и христијанизацијата. Процесот на словенизирање го зафатил домородното македонско население, а од друга страна пак, процесот на христијанизација ги истиснувал паганските традиционални духовни искуства на словенските племиња како резултат на осмислената и функционална политичка доктрина, која требало да ја обезбеди лојалноста за интеграција на Словените во византискиот глобален свет. Домородното македонско население веќе слеано во византиското општество било најпогодно да ја одигра улогата на сврзувачката алка во воспоставениот цивилизациски баланс. Финалето на ваквата историска епизода на цивилизациско прелевање се реализирало дури по три векови, а клучен фактор претставувало покренувањето на Кирилометодиевската мисионерска и просветителска дејност.

При нагласувањето на овој историски и културолошки контекст